**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1723/2**

# З А П И С Н И К

**Од 82-ра седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 21.03.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,м-р Ристе Панов,Косана Николиќ Мазнева, Ивана Трајковска, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-заменик на директорот на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Елизабета Ј Митревска-раководител на Сектор за правни работи,Розалина Димовска-раководител на одделение за правни работи,Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ и Мери Попова-уредник на културно-уметничка програма.

Седницата започна во 12:15 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 81-ва седница на Програмски совет на МРТ.

2. Информација во врска со задолженијата од Владата на РМ за промена на називот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.

3. Разгледување Информација за изборот,процесот и тековните активности околу Изборот за претставник на Евросонг 2019-Тел Авив (Израел).

4. Разгледување на Барање од музичкото радио Канал 103-Скопје.

5. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 81-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 81-ва седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 81-ва седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 81-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.
**ТОЧКА2:Информација во врска со задолженијата од Владата на РМ за промена на називот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Елизабета Ј Митревска раководител на Секторот за правни работи во МРТ, која пред присутните членови на советот објасни дека во изминатиот период се стигнати неколку Нацрт-записници од седници на Владата на Република Северна Македонија во кои се утврдени рокови и дадени насоки во врска со постапувањето на институциите при спорведување на постапките за промена на називот на институциите и други обврски кои произлегуваат од промената на називот. По електронски пат ни беше доставена и Листа на нови називи на институции каде под број 25 нов назив за ЈРП Македонска Радиотелевизија е заведен називот ЈРП НАЦИОНАЛНА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје.
Сите Извадоци од записници и други прилози Ви се доставени на разгледување за оваа седница.Истовремено инофрмирам дека јас и колешката Розалина Нелова Димовска бевме присутни на состанок организиран од Централниот регистар за сите институции, при што бевме известени дека наша обврска е да доставиме само пријава со стар и нов назив и потпишана од овластено лице. Но откако поставивме одредени прашања, ние и други лица преставници од други институции, претставниците од Централен регистар го сменија ставот и не упатија за сите прашања да се обратиме до Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната Спогодба и нашиот основач. Истакнаа дека нема да прават промени додека не им доставиме измени на статут или други основачки акти. Дописот кој во работна верзија Ви е доставен со материјалите е на барање на Претседателката на Советот на МРТ со цел да послужи како основа за Ваше денешно произнесување и утврдување на неговата содржина.
Членот на советот Ристе Панов истакна дека во актуелниот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги називот е ЈРП Македонска Радиотелевизија,така да ние како органи на институцијата не можеме да менуваме ако во постојниот Закон е така регулирано,и не може да менуваме во Статутот на МРТ ако не е предходдно променето во основниот закон.Ние како совет треба да спроведеме промена кога истото ќе биде променето во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.Снежана Клинчарова дополни дека сите институции во државава односно нивното работење е сместено во некој закон кој предвидува меѓу другото и кој како ќе се вика,неговиот назив скратеница и ред други работи, не може ние како јавно претпријатие да се повикуваме на некој заклучок од некоја меѓуресорска група и врз основа на тоа да правиме измена на називот на претпријатието.Истите мора да знаат дека основач на МРТ е Собранието на РМ и дека истото треба да одлучи како ќе биде новиот назив,и затоа овие нивни барања се на крива адреса и истите треба да ги проследат до Собранието на РМ како наш основач.Златко Јанковски со предлог дописот кој беше предложен да се измени и барањето од Владата на РМ да се врати назад и за истото да се обратат до Собранието на РМ,ние како орган немаме право ниту ингеренции да одлучуваме за вакви работи. Анита Латифи дополни брањето да содржи и објаснување називот на албански јазик како ќе биде.По расправата беше донесен Заклучок:

●До наредната седница на Програмскиот совет на МРТ да биде изготвен предлог допис до Владата на РМ, во кој ќе биде наведен ставот на Програмскиот совет на МРТ по однос на задолженијата за промена на називот на ЈРП Македонска Радиотелевизија.
Заклучокот беше едногласно усвоен.

**ТОЧКА 3:Разгледување Информација за изборот,процесот и тековните активности околу Изборот за претставник на Евросонг 2019-Тел Авив (Израел).**
По однос на оваа точка од дневниот ред повикани беа Анета Андонова одговорен уредник на првиот програмски сервис во МТВ и Мери Попова уреник на културно-уметничката програма во МТВ, а пред членовите на советот беше доставена и писмена Информација за целиот процес и активностите околу изборот на претставник на Евросонг 2019 во Тел Авив.
Анета и Мери пред присутните на седницата го објаснија подетално целиот процес како се дошло до изборот на Тамара Тодевска да биде претставник на овогодинешниот избор на песна на Евровизија,како и околу изборот на песната која е избрана да биде изведувана таму.
Снежана Клинчарова истакна дека писмената Информација која ја добивме на наше барање е многу штура и нејасна, и посочи дека иако минатата година добивме уверувањеи од менаџментот и од надлежните уредници дека ќе има вакви штури и нејасни избори на песна за Евровизија пак оваа година се повторува истото, и пак нема објаснување како е дојдено да биде изборот на ТамараТодевска и истиот тим за компонирање на песна.Прашањето кое се наметнува е зошто секогаш се повторуваат истите луѓе а резултатот е секоја година катастрофален, ако ова се повторува секоја година најдобро е да еднаш се откажеме од Евросонг и да не учествуваме и трошиме финансии за џабе, а пак доколку има одлуката за избор на изведувач и песна пред да биде донесена да помина и на седница на Програмскиот совет на МРТ како највисок орган, а не секогаш советот последен да дознаваа за истото.
Анета Андонова повторно го дообјасни изборот на изведувач и на тимот кој ја изработи песната и кој ќе не претставува на Евросонгот,и дополни дека Тамара е искусен и прекрасен вокал, и заедно со тимот кој ја работи песната сигурно ќе ја оправда улогата во Израел на Евроснгот што и ја довери МРТ.
Анита Латифи побара одговор од уредничките зошто и од кои причини беше тргната од видео спотот изработен за песната, и во кој дел тоа што таа се појавува во спотот, се коси со законските правила на МРТ или правилата за Евровизија.
Заменик претседателот на советот Ведат Медмедалија предложи а предлогот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет-во овогодинешната делегацијата на МРТ за Евросонгот во Израел како предлог на Програмскиот совет да учествува Алимпие Алулоски од Одделението за поддршка на Програмскиот совет.

**ТОЧКА 4: Разгледување на Барање од музичкото радио Канал 103-Скопје.**
По оваа точка беше предложено да биде префрлена за расправа на наредна седница на Програмскиот совет на МРТ и за истата да биде повикан и претставник на радиото Канал 103 да ги дообјасни барањата кој ги имаат наведно во дописот до советот.

**ТОЧКА 5:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред немаше расправа.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на ЈРП МРТ

Ведат Мемедалија
зам.претседател